Најголемото од кучињата, Аргиопа, спиеше во неговото легло. Заспиваше, со ребрата допирајќи ги стапалата на Актеон. Ребрата наликуваа на заоблена конструкција на чамец. Се будеше, главата држејќи ја на левата клучна коска на Актеон. Главата на Аргиопа беше тешка и голема. Тој наликуваше на бик. Од устата му капеше лига врз кожата на Актеон и врз постелата. Жешкиот здив му го печеше лицето на Актеон. Тој ја вдишуваше штедрата смрдеа од животното и не можеше да се засити со неа.

Кучките Диоксипа, Диномаха и Ехиона – исто така епирски молоси – спиеја на крзна наоколу. Ехиона, чиешто крзно ќелавеше во боја на олово, не ги прекинуваше обидите исто така да дојде до господарот. Кога Аргиопа заспиваше, таа неосетно се прикрадуваше од другата страна и ја ставаше муцката со нежните усни колку што е можно поблизу до Актеон. Ако ѝ се посреќеше, и ако Аргиопа не забележеше веднаш, таа лежеше неподвижно, речиси не дишејќи. Актеон ја пазеше, таа го преместуваше својот тажен поглед од неговото лице кон темното и тешко тело на Аргиопа. Кога тој погледнуваше кон неа, сфаќајќи ја длабочината на стореното своеволие, настануваше скандал. Аргиодус лаеше и ја тепаше Ехиона со лавовските шепи. Ехиона луто се бранеше, покажувајќи ги жолтите очњаци. Другите кучиња веднаш се вклучуваа во борбата. Особено желни за таа работа беа алопеки-

сите Евдромус и Гносиус. Колку и да беа ситни и со кратки нозе, овие двајца беа најкрволочните лудаци во целиот настан. Кога големите кучиња го гонеа пленот, Евдромус и Гносиус му го грабнуваа грклановт со острите мали заби, кинеа парчиња кожа, дупчеа вени, гризеа отвори дури до внатрешните органи. Догонетата жртва умираше – лежеше, распарчена, на камењата или во честарот под црните борови, – а полудените мали кучиња не му даваа мир на уништеното тело. Молосите и гоничите се повлекуваа настрана, ги вртеа настрана разумните муцки. Ихнобат, кој безгрешно и најбрзо ја пронаоѓаше трагата од животните меѓу илјадниците околни мириси, но беше понежен и поплашлив од другите, жално цвилеше и го потпираше испакнатото тело на прасците на господарот. Тогаш Актеон ги бркаше алопекисите од убиеното животно. Тој ги викаше лемури, додека сите негови молоси, критски и зајачки гоничи со раширени уши секогаш остануваа гении. Другите алопекиси со лисичји опавчиња – Гарпаликус, Мелампус со црните шепи, повеќекратните мајки Терифона и Териопа – беа умилкувачи. Стариот молос Памфагос со ќели зад ушите им ја јадеше храната на постарите. Лициска, која личеше на волчица, мразеше да се капе. Оциндрома и Поеменис, се мразеа меѓусебно. Елион танцуваше на задните шепи. Дамкавиот Балиус обожаваше кога Актеон му го чешаше стомакот. Алце се плашеше од грмотевици. Се тресеше и се криеше во најдалечното ќоше. Тоа се пренесу-

ваше и на Корус и Аретуза. Ело сакаше маслинки и често ја болеше желудникот кога ќе се прејадеше. Откако ќе повратеше, ја спушташе опашката стисната до задникот, присирајќи со виновен поглед. Актео од возбуда сакаше истовремено и да плаче и да се смее. Добро познавајќи го слабиот желудник на Ело, тој никогаш не го издржуваше нејзиниот предан поглед – и за неа вадеше маслинки од сопствената уста. Актеон ги знаеше своите кучиња уште од кога секое од нив беше мало кутре. Тој самиот за нив бираше 'рскавици и тетиви, ситно им сечеше црн дроб од зајак. Се грижеше никого да не пропушти со избирањето коски и зглопчиња. Ги учеше на нови работи.

Кога тргнуваше на лов, тој го душкаше ветрот, како неговите кучиња. Исто како и нив, и него го пронижуваа поткожни секавици на возбуда. Восхитот му ги полнеше белите дробови, го параше однатре. Се чувствуваше пијан, побеснет, како од љубов.

Актеон, неговите кучиња, демнењето на дивечот, потерата по дивечот, лудото срцебиење, страдањето и претсмртниот крик на жртвата, мирисот на крв и измет – сето тоа беше едно тело, едно битие.

„Тие сега се заедно", небаре извинувајќи се, со шепот кажа стариот маж и го спушти погледот. „Кај нас дома."

На масичката пред него имаше шолја кафе. Тој долго не можеше да одбере што точно сака – тр-

пеливата шанкерка со виолетова коса и тетоважи на слепоочниците му објаснуваше што е тоа допио, американо и флетвајт. Дури додека Лесја не се изнервира и промрмори:

„Земете си филтер кафе.“

Стариот кимна. Лесја в миг зажали за својата дрскост. Овој дедо беше толку покорен и потиштен. Небаре малку искушенија има и без нејзината нервоза. Тој праша дали Лесја знае за еленот. Секако, таа знаеше за еленот, Олекса веднаш ѝ раскажа, уште долго пред да ѝ открие дека ја сака.

„А за Актеон знаете?“ се заинтересира стариот.

„Не“, рече Лесја. И тој ѝ ја раскажа приказната за старогрчкиот ловец кој одблизу се сретнал со божицата на ловот Артемида на почвата на заедничкиот интерес.

„Артемида била прибрана“, рече стариот. „Интимните односи ја одземаат силата и чистотата, кои се неопходни за ловењето.“

Но Актеон некако случајно го видел голото тело на Артемида, кога таа влегувала в када. Го видел нејзиниот цврст задник, чиишто полутопки се разделувале и се среќавале повторно над мускулестите напрегнати нозе. Забележал како нејзината мокра коса во прамени се извива како сноп змии, обвивајќи ѝ ги градите со широки розови набори и досегајќи до темните кадрици во меѓуножјето.

„Прибрана!“ иронично рече Лесја занишувајќи ја главата.

„За тоа што Актеон ја видел гола, Артемида му го одзела човечкиот изглед“, продолжи дедото. „Но тој би можел уште да живее. Божицата му забранила да испушта звуци: да раскажува за виденото, за незаконски украдениот изглед, за искуството. Ако Актеон во своето ново тело се придржувал на молчењето, ќе имал шанса.“

Во густата шума вреснале чучурлигите и залаале кучињата, известувајќи за присуството на дива свиња. Со десетици стрели во левиот бок, со крвави очи sверот ги кршел грмушките, ја разгазувал земјата со копитата, залудно обидувајќи се да се спаси. Актеон ги слушал најслатките звуци на светот и извикал од восхит. Неговиот глас личел на гровтање, на рикање.

„За неспособноста да молчи, Артемида му испратила стравична смрт“, гласот на стариот се прекина, му снема воздух.

„И ова би требало нешто да ми објасни?“ праша Лесја.

Со овој дедо тие се сретнаа во мало ламаринено кафуле меѓу плоштадот и постојката за тролејбуси. Чекајќи го стариот на масата на влезот, Лесја гледаше во ѓубрето расфрлано околу кантата. Пластична чашка од јогурт, рекламен леток со азиска храна, кафена кора од банана, гнили црешни.

Ѓубрето го беше расфрлала локалната лудачка, ја викаа Христина. Сите во населбата ја знаеја. Тешко е да се определи, но таа можеби немаше ни триесет години. Беше висока и слаба. Преслаба.